2025 • **3 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈЈУЖНОАФРИКАНСКА-ИНДИСКООКЕАНСКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



# Болница полна со чуда

# СОДРЖИНА

**На насловната страница:** Мвате Мвамбази ја гледа Адвентистичката болница Читанда Лумамба како чудотворно искуство, верејќи дека само по Божја милост болницата е воопшто адвентистичка. Приказна, страница 24.


## Зимбабве

**4** Пронаоѓање на вистинска среќа | 5 јули T
**6** Налутениот татко | 12 јули T
**9** Мудра одлука | 19 јули T
**11** Плачење за дожд | 26 јули T
**14** Неочекуван саботен одмор | 2 август T
**16** „Ние сме благодарни“ | 9 август T

## Намибија

**19** Да се слуша Бог, а да се мрази гревот | 16 август
**21** Желба да се запознае Бог | 23 август
**24** Исклучителни врнежи од дожд | 30 август

## Замбија

**26** Пијанство, кражба и Бог | 6 септември T
**28** Болница полна со чуда | 13 септември
**31** Болницата менува животи | 20 септември
**33** Програма на 13-тата сабота: Благослов од трагедијата | 27 септември
**36** Идни проекти на 13-тата сабота



















T = Искуства кои можат да бидат од особен интерес за тинејџерите

Seventh-day Adventist Church

©2025 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved

12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драги водачи на саботната школа,

Ендрју Мекчесни
*Уредник*



Ова тримесечје ќе се посветиме на Јужноафриканско-индискоокеанска дивизија (JAIOD), која вклучува 15 земји.

Ангола, Боцвана, Малави, Мозамбик, Сао Томе и Принципе, Јужноафриканска Република, Замбија, Зимбабве, Коморските острови, Мадагаскар, Маурициус, Мајот, Реунион, Родригес и Сејшелските острови.

Во оваа дивизија живеат 231 милион луѓе, вклучувајќи 4,1 милион верници на Христијанската адвентистичка црква. Тоа претставува сооднос од еден адвентист на секои 56 луѓе.

Како дел од мисионските напори, оваа дивизија избра седум проекти кои ќе добијат средства од 13-тата сабота од ова тримесечје.

### Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесцје ќе бидат употребени за седум проекти на Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија.

- **Изградба на средно училиште во северна Замбија.**
- **Изградба на сместување за персоналот на Адвентистичката болница Јука во Калабо, Замбија.**
- **Набавка на мисионерски брод за езерото Бангвеулу во Замбија.**
- **Изградба на кујна и перална за болницата Читанда Лумамба во Чибомбо, Замбија.**
- **Изградба на здравствен и велнес центар на влијание во Умланга, Јужна Африка.**
- **Детски проекти: Анимирани приказни засновани на плодовите на Духот, дистрибуција на детски Библии во Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија.**

### Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со мисионските факти и активности од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/sid-2025. Следете нè на facebook.com/mission quarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Мисија“ на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата. Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисијата на црквата преку своите дарови. Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!.

*Ендру Мекчесни*





Денрој

# ПРОНАОЃАЊЕ НА ВИСТИНСКАТА СРЕЌА

Денрој имал 10 години кога прв пат пробал алкохол. Бил во својот дом во Булавајо, Зимбабве. Неговиот вујко го славел својот 35-ти роденден, а еден од неговите пријатели му понудил на Денрој голтка вотка.

Момчето помислило: „Никогаш не сум го пробал ова. Мора да има причина зошто луѓето го пијат. Зошто да не го пробам и јас?“

Тој си замислувал дека потоа ќе биде малку пијан и се прашувал што би се случило ако испие повеќе. Мислел дека луѓето веројатно стануваат посреќни кога пијат. Сакал да биде среќен, па затоа решил да открие што ќе се случи ако пие повеќе.

Неколку дена подоцна, Денрој го замолил својот десетгодишен пријател по име Привилиџ за помош. „Зарем татко ти не чува пиво во фрижидерот?“, го прашал Привилиџ. „Дали би забележал ако земеш малку?“

Таткото на Привилиџ не забележал, а момчињата почнале да крадат пиво и да пијат заедно. Денрој изгледал посреќен секој пат кога пиеле. Во текот на учебната година, Привилиџ и тој пиеле само еднаш неделно, но за време на летниот распуст пиеле речиси секој ден.

Денрој криел од своите родители дека пие. Кога ќе се напиел, поминувал време во куќата на Привилиџ и се враќал дома само кога ќе се отрезнел. Поминувал многу ноќи во куќата на Привилиџ. Мислел дека е многу среќен.

Истото лето, родителите на Денрој одлучиле да го испратат својот син во адвентистичко училиште. Еден од постарите роднини на Денрој го посетувал училиштето, а родителите на Денрој сметале дека тоа би било добро место за неговото образование кога ќе започне учебната година.

Денрој воопшто не го сакал училиштето. Наставниците и децата се молеле пред часови и пред секој оброк. Тој никогаш порано не се молел. Наставниците и децата се молеле за време на утринските богослуженија и на часовите на кои учеле од Библијата.

Не можел да разбере зошто сите се молат цело време. Уште полошо, се чувствувал како да ја изгубил слободата. Во јавното училиште, на децата им било дозво-

лено да доаѓаат и да си одат кога сакаат. Но, сега наставниците внимателно се грижеле за своите ученици, водејќи сметка да бидат на наставата. Денрој не бил среќен. Сакал да пие.

Деновите се претворале во седмици, седмиците во месеци, а Денрој продолжувал да слуша за Исус на училиште. Тој не знаел ништо за Исус кога пристигнал и бил изненаден што наставниците и другите деца го гледаат Исус како свој најдобар пријател.

Се прашувал: „Кој е Исус? Како можам да одам на небото за да живеам со Него?"

Поминале уште неколку месеци. На утринското богослужение Денрој ги слушнал учителите и децата како го слават Исуса. Ги слушнал како велат дека Исус го исполнил нивниот живот со радост. Во Библијата, ги прочитал зборовите на Исус: „Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно... Јас сум патот, вистината и животот" (Јован 10,10; 14,6).

Денрој сфатил дека Исус, а не пијалакот, го нуди вистинскиот пат до среќата.

Неговиот живот целосно се променил. Престанал да пие. Престанал да се дружи со Привилиџ. Наместо да се дружи со старите пријатели по часовите, ги избегнувал искушенијата така што си одел директно дома за да ја напи-

AMsda.org/A2531

## Во врска со искуството

- Покажете го Зимбабве на карта на светот. Потоа, покажете го градот Булавајо каде што живее Денрој.
- Погледнете го краткото видео за Денрој на YouTube: bit.ly/Denroy-SID.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Најраните мисионери во мисијата Солуси го помагале адвентистичкото дело преку трговија и земјоделство. Многумина умреле од маларија.
- Во 1896 година активностите на мисијата Солуси биле прекинати од локална војна, што довело до глад меѓу населението, кое се собирало во мисионската станица во потрага по храна. Мисионерите ја започнале мисијата Солуси со отворање училиште со 30 сирачиња.
- Зимбабве има еден адвентистички универзитет, Солуси, и 11 средни школи.
- Во Зимбабве има 12 адвентистички клиники, вклучувајќи стоматолошка амбуланта на периферијата на Хараре, главниот град на државата, и на периферијата на Булавајо, вториот по големина град во Зимбабве.

ше домашната задача и им помагал на родителите околу куќата.

Во него растела љубовта кон наставниците и другите деца. Тој увидел дека наставниците се грижат и тој и другите деца да бидат на час, затоа што ги сакаат и сакаат тие да добијат добро образование.

Срцето му се исполнило со среќа и таа сега се прелевала во неговиот живот. Тој му го предал своето срце на Исуса и се крстил.

Денес Денрој има 16 години и ужива во својот нов живот со Исуса.

„Сакав да ја најдам среќата во алкохолот“, кажува тој. „Но, на училиште почнав да сфаќам дека вистинската среќа можам да ја доживеам само со Христа.“

Ви благодарам за вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје, кои ќе им помогнат на децата во земјата на Денрој, Зимбабве, да научат за Исуса. Дел од даровите ќе бидат употребени за да им се обезбедат Библии на сиромашните деца. Средствата ќе бидат искористени и за снимање на серија кратки видео-записи за плодовите на Духот.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 27 септември.

Ендру Мекчесни


BigStockPhoto.com

ЗИМБАБВЕ | 12 јули

Тања

# НАЛУТЕНИОТ ТАТКО

Таткото се налутил кога го пронашол сведителството за крштевање на Тања во нејзината спална соба во Булавајо, Зимбабве.

Библијата на Тања стоела на комодата, а нејзината крштеница била под неа. Кога татко ѝ влегол во нејзината спална соба да земе крем за раце, неговиот поглед запрел на Библијата. Кога ја зел, го видел и кршталниот лист под неа.

„Ќе те претепам!“ извикал таткото. Земајќи го кршталниот лист, го искинал на ситни парчиња.

Тања, која имала 17 години, вџашено го гледала. Солзи почнале да се слеваат по образите.

„Веќе нема да одам во црква“, му рекла таа, ридајќи. Нејзината мајка втрчала во собата.

„Пушти ја да оди во црква“, му рекла таа. „Нема ништо лошо во тоа.“ Нејзиниот татко сè уште сакал да ја тепа, но не го сторил тоа.

Наместо тоа, тој ја напуштил куќата и не се вратил два дена.

Кога се вратил, не кажал ништо за она што се случило.

Тања не можела да разбере што се случува. Очекувала тој повторно да ја прекорува или можеби да се обиде да ја удри.

Таа тајно одела во црква во сабота во текот на претходната година. Нејзината баба, која ја одгледала, била адвентистка. Но, баба ѝ починала пред една година, а Тања се вратила кај своите родители.

Таткото не ги сакал адвентистите. Мајка ѝ била воспитана како адвентистка, но престанала да оди во црква поради сопругот. Кога Тања се вратила дома, нејзиниот татко ѝ рекол дека може да оди во која било црква, освен во Адвентистичката. Но, не кажал зошто.

Сепак, Тања ја сакала Адвентистичката црква. Таа го сакала седмиот ден, саботата. Не можела да си замисли да не го прославува Бога во црква во сабота.

Кога нејзиниот татко бил надвор од градот за време на викендите, бидејќи бил професионален рагби-играч, Тања одела во црква во сабота. Но, кога тој бил дома, и таа останувала дома. Мајката знаела дека

AMsda.org/A2532

## Во врска со искуството

- Покажете го Зимбабве на карта на светот. Потоа, покажете го градот Булавајо каде што живее Тања.
- Тања е псевдоним. Списанието „Адвентистичка мисија“ не го објави нејзиното име или слика за да ја заштити нејзината приватност и приватноста на нејзиното семејство.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Во раниот среден век, народот Банту го изградил градот-држава Велико Зимбабве, кој бил трговски центар на ова царство во текот на 400 години.
- Се верува дека во градот Велико Зимбабве живееле околу 20.000 жители.
- Зимбабве има најголеми резерви на платина и дијаманти во светот. Во 2014 година, дијамантското поле Маранге произвело околу 12 милиони карати (2.400 кг) дијаманти, во вредност од повеќе од 350 милиони долари.
- Зимбабве се соочува со чести суши. Во 2019 година, околу 55 слонови умреле од жед и глад поради сушата.

нејзината ќерка оди во црква, но не одела со неа, ниту му кажувала на сопругот за тоа.

Тања се крстила додека нејзиниот татко бил отсутен од градот.

Но еден ден тој го нашол изводот од матичната книга на родените и го искинал.

Не проговорил ништо за тоа цели три месеци.

Но, се трудел да биде дома во сабота за да ја спречи Тања да оди во црква. Во сабота наутро, тој знаел да каже: „Се надевам дека нема да одиш во црква денес". Потоа ѝ давал задачи кои морала да ги извршува за да ја држи зафатена цело утро.

Тања се молела три месеца. „Боже", велела таа, „помогни ми да можам да одам во црква".

Така, едно саботно утро, Тања се разбудила, станала и повторно се помолила: „Боже, дај ми можност да одам денес во црква".

Кога завршила со молитвата, нејзината мајка влегла во спалната соба и рекла: „Оди кажи му на татко ти дека денес ќе одиш во црква и види како тој ќе реагира."

Тања се изненадила, но се согласила да се обиде. Отишла во собата на нејзиниот татко и рекла: „Денес ќе одам во црква."

Тој не се налутил. Не ја испратил да изврши некоја негова задача. Наместо тоа, едноставно рекол: „Во ред."

Тања навистина била изненадена! Не го очекувала тоа од него.

Таа била многу среќна што повторно можела да оди во црква! Му се заблагодарила на Бога што ги услишил нејзините молитви.

Поминало една година откако Тања се вратила во црква. Таткото знаел дека таа оди секоја сабота и не му пречело.

Сега Тања има нов предизвик за молитва. Таа се моли нејзиниот татко и нејзината мајка да почнат да доаѓаат во црква со неа. Таа се моли: „Боже, те молам помогни им на моите родители".

Исто како што Бог ја услишил нејзината прва молитва да оди во црква во сабота, таа е сигурна дека Бог ќе одговори и на нејзината втора молитва за спасение на нејзините родители.

Тања е среќна што има своја Библија во која може да чита за Бога, но многу деца во Зимбабве живеат во семејства кои не можат да си дозволат Библија. Еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе обезбеди детски Библии за загрозените семејства во Зимбабве и во други земји во оваа дивизија.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни

Џиниус

# МУДРА ОДЛУКА



Џиниус вели дека донел неразумна одлука кога имал 14 години. Тогаш ја запалил својата прва цигара во градот Булавајо, Зимбабве.

Тој немал намера да пуши. Во тоа време, неговата тетка се подготвувала за свадба и го замолила да учествува во традиционалниот танц за време на свадбената церемонија. Таа ангажирала пет машки танчери да настапат на свадбата и го замолила да танцува со нив. Побарала танчерите да му дадат часови по танцување на момчето.

Џиниус уживал вежбајќи со танчерите во дворот на куќата на неговата тетка. Овие младичи го научиле како да танцува. Но тогаш еден од нив му понудил цигара.

Погледнал во полуиспушената цигара. Не сакал да ја земе. Сепак, се плашел дека танчерите ќе му се смеат ако одбие. Бидејќи никој не гледал, Џиниус ја зел цигарата.

Кога горчливиот чад му го исполнил грлото и белите дробови, почнал да се задушува и кашла.

Во текот на следните два месеци вежбање танц, танчерите го учеле и како да пуши без да се задушува или кашла. Прво, го научиле да пуши тутун. Потоа, го научиле да пуши марихуана, а тоа е нелегално во Зимбабве.

Џиниус почнал да купува тутун и марихуана со парите што ги добил од своите родители. Имал доволно пари за да им се придружи на танчерите во пушењето за време на нивните седмични проби.

По некое време, Џиниус престанал да купува тутун, туку купувал само марихуана. По свадбата, повеќе не ги видел танчерите, но продолжил да пуши марихуана. Им се придружил на момчињата од соседството во тајни активности.

Тој не потекнувал од адвентистичко семејство, но одел во адвентистичко училиште. Еден ден решил да пуши марихуана на училиште. Тој и еден пријател кој пушел со него се скриле зад училишните тоалети. Кога завршиле, се вратиле во својата училница.

Мирисот на чад од марихуана се почувствувал во близина на Џиниус, и веднаш бил повикан во канцеларијата на наставничката. „Со кого пушеше?“ го прашала наставничката. Џиниус бил исплашен. Го изговорил името на својот пријател.

Наставничката ги предупредила двете момчиња: „Ако го направите ова повторно, ќе бидете из-

AMsda.org/A2533

## Во врска со искуството

- Покажете го Зимбабве на светската мапа. Потоа, покажете го градот Булавајо каде што живее Џиниус.
- Погледнете го краткото видео на YouTube за Genius: bit.ly/Genius-SID
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Традиционалните уметности во Зимбабве вклучуваат грнчарија, кошничарство, текстил, накит и резба. Скулптурите Шона имаат долга културна историја и претежно претставуваат стилизирани фигури на птици и луѓе, направени од седиментни карпи како што е каменот сапуница.
- Некои веруваат дека Зимбабве е всушност Офир, библиската земја каде што цар Соломон ги добил скапоцените предмети како што се слонова коска и злато.
- Половина од населението на Зимбабве е под 21 година.
- Во Зимбабве, надуениот стомак кај мажите е знак на успех и богатство.
- Сликите на камен или сликите на „Бушманите“ се стари повеќе од 5.000 години и можат да се најдат низ цело Зимбабве.

бркани од училиште“, им рекла таа.

Пријателот подоцна повторно пушел и бил исклучен. Но Џиниус ветил дека никогаш повеќе нема да пуши – ниту во училиште ниту надвор.

Мајката на Џиниус била многу разочарана кога дознала дека пуши. Кога дознала за танчерите, му забранила повторно да се гледа со нив. Тој, и покрај тоа, не ги видел некое време, па затоа му било лесно да вети дека нема да се дружи со нив.

Но, се покажало дека е тешко да се откаже од пушењето марихуана. Тој не пушел секој ден, но сепак имал желба да пуши.

Додека се борел да престане, се сетил дека на училиште научил дека може да му се моли на Бога за каков било проблем.

Тој се молел на Бога да му прости за пушењето и барал помош од Него да престане да пуши.

Во истиот момент, желбата за пушење марихуана исчезнала. Навиката била прекината. Џиниус бил воодушевен. Сакал да знае што е можно повеќе за Бога и почнал да ја чита Библијата.

Потоа ја донел, како што самиот вели, најмудрата одлука во својот жи-

вот. Една година откако престанал да пуши, му го предал своето срце на Исуса и се крстил.

Денес, ништо не е поважно за едно 16-годишно момче од започнувањето на денот со Библијата и молитвата. „Поминувајте време со Бога“, изјавува тој.

Џиниус е среќен што ја има својата Библија, но има многу деца во Зимбабве чиишто семејства не можат да си дозволат да им купат Библии. Еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе обезбеди детски Библии за загрозените семејства во Зимбабве и во други земји во оваа дивизија.

Ви благодариме што планирате да издвоите и несебично да приложите средства на 27 септември.

Ендру Мекчесни



ЗИМБАБВЕ | 26 јули

Сибонгил

# ПЛАЧЕЊЕ ЗА ДОЖД

Не врнело дожд со месеци. Африканската почва се исушила и се распукала. Полињата со пченка и пченица овенале. Градините со домати, кромид, морков и компир исто така овенале.

Се зборувало за тоа дека Адвентистичката гимназија Солуси, каде што учел Сибонгил, ќе биде принудена трајно да се затвори. Многу од учениците во училиштето зависеле од земјоделските производи за својот приход, како и за плаќање на школарината. Полињата и градините, исто така, ја снабдувале кујната на средното училиште со свежи производи. Но храна се повеќе им снемувало.

Сибонгил се прашувал што ќе се случи кога браната на реката што го снабдувала средното училиште со вода ќе биде на најниско ниво. Била воведена рационална употреба на водата. Наутро, наставниците и учениците можеле да користат вода само еден час. За време на ручекот им било дозволено да користат вода уште еден час. Навечер, исто така, можеле да користат вода еден час.

За време на тие три часа во текот на денот кога имале вода, се навикнале да готват храна, да мијат садови, да се бањаат и да ја складираат водата за времето кога чешмите се суви.

Без вода, животот станал многу тежок. Било многу тешко да се преживее без вода.

Додека гласините дека средното училиште ќе биде принудено да се затвори достигнале кулминација, учениците и наставниот кадар се собрале на молитвен состанок во среда навечер.

„Единствениот излез од ова е молитвата“, рекол директорот на училиштето.

Тој и другите раководители на средните училишта упатувале слични повици на молитва, без разлика дали се молеле за време на богослужението во петок навечер, во црква во сабота наутро или на вечерната служба додека сонцето заоѓа во сабота навечер.

Сибонгил се молела. На состаноците молитви упатувале сите ученици и наставници. Тие се делеле во групи и се молеле на Господа да обезбеди решение за овој проблем.

„Драги Боже, без вода ќе биде толку тешко да го извршиме делото што го постави пред нас“, се молел еден од студентите. „Мораме да му ја пренесеме тројната ангелска порака на светот“, се молел друг. „Без вода, ќе биде толку тешко.“

Учениците исто така се молеле сами и со своите домашни. Некои ја комбинирале молитвата со пост – постејќи еден оброк дневно или прескокнувајќи оброци и јадејќи лесна вечера.

Други постеле цел ден, еднаш, двапати или три пати седмично. Додека учениците се молеле, се сеќавале како Господ му помагал на училиштето Солуси уште од самиот негов почеток, кога било основано како прва мисионерска станица на Адвентистичката црква на седмиот ден во Африка во 1894 година.

Тие се сетиле дека Господ помогнал во основањето на средното училиште на кампусот во близина на Универзитетот Солуси, со помош на даровите на 13-тата сабота во 1994 година. Се сетиле дека пасторите и црковните работници се школувале во средното училиште и универзитетот во текот на многу години.

Додека Сибонгил се сеќавал како Господ го водел универзитетот Солуси во минатото, нејзината вера растела. Таа сфатила дека Солуси му припаѓа на Бога. Верувала дека Тој се грижи за Своите деца и дека само Тој може да понуди решение.

Сибонгил и другите се молеле и постеле во текот на два месеца. За тоа време, некои луѓе мислеле дека гимназијата ќе се затвори. Но, тоа не се случило. И покрај сушата и тешките околности, таа се одржала.

Сибонгил вели дека секогаш со радост ќе се сеќава како Бог ги услишил нивните молитви, не дозволувајќи училиштето да се затвори и покрај недостатокот на вода. „Она малку вода што го имавме нè одржуваше во живот сè додека не дојдоа дождовите.“

Кога конечно заврнал дожд, луѓето славеле. Учениците и наставниците ја исполниле црквата пеејќи во слава на Господа. Сите се молеле и му заблагодарувале на Господа за Неговата милост. Потоа средното училиште можело да ја продолжи својата земјоделска програма. Со доаѓањето на дождот и водата, животот почнал да се враќа во нормала.

Сибонгил, која сега работи на Универзитетот Солуси, рече дека е сведок како Бог го благословувал Солуси во текот на сите овие години.

„Господ го благослови Солуси. Јас го видов тоа со свои очи. Господ го благословуваше Солуси на многу начини.“

Во 1994 година, средствата собрани од даровите на 13-тата сабота помогнаа да се изгради средно училиште на кампусот во близина на Универзитетот Солуси во Зимбабве.

Благословите од тие дарови сè уште се чувствуваат. Вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје, со Божји благослов, можат да имаат долготрајно влијание во Зимбабве и во другите држави во оваа дивизија. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни

AMsda.org/A2534

## Во врска со искуството

- Покажете го Зимбабве на картата на светот. Потоа, покажете го градот Булавајо, во чија близина се наоѓа средното адвентистичко училиште „Солуси“.
- Погледнете го краткото видео со Сибонгил на YouTube: bit.ly/Sibongile-SID.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Мбира, позната и како „палец клавир“, е мал рачен инструмент кој се користи во Зимбабве повеќе од 1000 години.
- Националниот цвет на Зимбабве е пламениот крин/лилјан.





Трејси

# НЕОЧЕКУВАН САБОТЕН ОДМОР

Кога Трејси се запишала на Адвентистичкиот универзитет во Зимбабве, таа планирала да ги поминува саботите во учење или релаксација.

Трејси не знаела многу за адвентистите. Била возбудена што е на универзитетот Солуси и што за прв пат е далеку од дома. Размислувајќи за своите четири години студирање, во себе си рекла дека би можела – можеби – да оди во универзитетската црква еднаш пред да дипломира.

Таа се сместила во својата спална соба во петок попладне. Истата вечер, нејзината цимерка ја поканила да дојде со неа во црква на вечерното богослужение на зајдисонце.

Бидејќи часовите сè уште не биле започнати, а таа немала домашни задачи, ја прифатила поканата. „Во ред“, рекла Трејси. „Ќе дојдам да видам како изгледа богослужението.“

Во 18 часот, двете млади девојки отишле на вечерното богослужение во универзитетската црква.

Тоа било ново искуство за Трејси. Песните биле нови. Никој не танцувал ниту плескал со рацете како што правеле во нејзината семејна црква. Ѝ се допаднало богослужението; едноставно било поинакво.

Во сабота наутро, кога Трејси се разбудила, добила повик од својата цимерка повторно да одат во црква.

Трејси повторно уживала во музиката и проповедта. Се чинело како сите да се добредојдени и среќни. Таа не се чувствувала лошо или изоставено. Веќе се чувствувала како дел од групата.

Таа вечер, нејзината цимерка повторно отишла во црква, овој пат на вечерното богослужение, исто на зајдисонце.

Трејси си заминала со насмевка, сеќавајќи се дека планирала да отиде во црква само еднаш – можеби – во текот на четирите години студирање во Солуси. Сега одела дури по трет пат во текот на два дена.

Наставата започнала следната седмица, а Трејси се посветила на своите студии по сметководство. Стекнала нови пријатели. Уживала во храната што се служела во големата трпезарија, која била проширена со помош на даровите на 13-тата сабота во 2015 година.

Кога дошол следниот петок навечер, таа се нашла во црква наместо да си ја пишува домашната

задача или да се релаксира во својата студентска соба.

Како што минувале седмиците, Трејси ги менувала и своите планови во врска со саботата. Мислела дека ќе треба да учи или да се одмора во својата соба во сабота. Но, не ѝ било потребно дополнително време за одмор. Исто така, го засакала одењето во црква. Што се однесува до учењето и домашните задачи, воопшто не се грижела за оценките. Наставата на универзитетот се одржувала од понеделник до четврток, па имала доволно време за да ги изврши домашните задачи во петок и недела, без да одвојува дополнително време во сабота.

Во една пригода, на универзитетот се одржувала молитвена седмица посветена на духовниот раст. Дошол еден пастор од главниот град на Зимбабве, Хараре. Кога упатил повик за крштевање на сите оние што го имаат Христа во своите срца, Трејси му го предала своето срце на Исуса и подоцна била крстена.

Библијата станала нејзина омилена книга и таа обожавала да ја чита и да разговара за неа со другите.

Се сетила на пријателите кои оделе на други универзитети во Зимбабве. Пред да дојде во Солуси, ги прашала за совет во врска со студирањето на универзитет. Тие ѝ рекле дека им треба дополнително време за учење или одмор во сабота и недела, па затоа ретко одат во црква.

Трејси пристигнала во Солуси мислејќи дека ќе мора да учи или да се одмора во сабота и недела и

AMsda.org/A2535

## Во врска со искуството

- Покажете го Зимбабве на карта на светот. Потоа, покажете го градот Булавајо, во чија близина се наоѓа Адвентистичкиот универзитет Солуси.
- Гледајте го кратиот видео-клип на YouTube за Трејси: bit.ly/Tracy-SID.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Зимбабве е дом на некои од најголемите резервати за дивеч во Африка, но видовите како што се импалата, кудуто, дивата свиња и гнуто се изложени на ризик од ловокрадство.

дека нема да има време за да оди во црква. Но, сега сфатила дека црквата е суштинскиот дел од нејзиното универзитетско искуство.

Трејси почнала да им раскажува на своите пријатели за своето искуство. „Треба да дојдете во црква“, им рекла таа. „Бог ќе се погрижи за вашето учење, а ќе се погрижи и да имате доволно време за да се одморите.“

Нејзините пријатели биле изненадени и ветиле дека ќе се трудат почесто да одат во црква. Трејси сега планира да ги покани да ја посетат адвентистичката црква.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година помогна да се прошири трпезаријата на универзитетот Солуси. Благословите од тие дарови продолжуваат да се чувствуваат на универзитетот, а вашиот дар на 13-тата сабота ова тримесечје ќе се искористи за проекти кои, со Божји благослов, можат да имаат долготрајно влијание во Зимбабве и во другите земји од оваа дивизија.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни



ЗИМБАБВЕ | 9 август

Сијабонга

# НИЕ СМЕ БЛАГОДАРНИ

Сијабонга значи „ние сме благодарни“ на сисвати, мајчиниот јазик на Сијабонга. Тој има многу за што да биде благодарен – особено фактот што неговата мајка го повикала на разговор во 8 часот една вечер.

Мајка му штотуку се вратила од работа, каде што работела како менаџер во финансиска компанија во Есватини (земја позната и како Свазиленд) на југот од Африка.

„Влези во мојата спална соба“, му рекла таа. „Сакам да разговарам со тебе за нешто.“

Сијабонга се прашувал за што сака мајка му да разговара со него. Отишол во нејзината спална соба.

„Најдов место и мислам дека тоа е вистинското место за тебе“, му се обратила таа. Младиот човек сфатил за што сака да зборува. Во тој период, тој барал соодветен факултет.

Тогаш му рекла дека побарала совет во врска со факултетот од пријателка на работа. Нејзината пријателка ѝ го препорачала универ-

зитетот Солуси во Зимбабве, оддалечен околу 800 километри од нивниот дом.

Сијабонга бил спремен да тргне. Рекол: „Ајде да пробаме и да видиме.“

Кога дошол првиот викенд на факултетот Солуси се изненадил кога видел дека луѓето одат во црква во сабота. „Зошто одите во црква во сабота?“, прашал тој.

„Така прават адвентистите“, му рекол еден од студентите. „Адвентистите одат во црква во сабота“, додал друг. „Тие не ја празнуваат неделата.“

Сијабонга не бил навикнат да оди во црква во ниту еден ден од седмицата. Но сега отишол.

Тој ден доживеал уште едно изненадување. Забележал дека молитвата е многу распространета на кампусот. Професорите се молеле пред наставата. Студентите се собирале секој ден на богослуженија исполнети со молитви. Видел дека се молат и пред оброците во големата универзитетска трпезарија, која била проширена со помош на даровите на 13-тата сабота во 2015 година. Му се чинело дека луѓето се молат и пред што било да направат.

Таму каде што живеел тоа не се практикувало. Никогаш не доживеал нешто слично. Но, му се допаднало. Се чувствувал мотивиран, зајакнат. Се чувствувал поблиску до Бога.

Тогаш Сијабонга почнал да се чувствува лошо поради лошите работи што ги правел во својот живот. Се чувствувал виновен. Се чувствува тажен. Се понизил пред Бога и побарал проштавање.

Сијабонга размислувал за крштевање пред да дојде на универзитетот Солуси, но го одложил, загрижен дека можеби тоа е погрешна одлука. Бидејќи се покајал за своите гревови и верувал во Исуса, копнеел да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање.

Тој ја повикал мајка му за да ѝ каже за својата желба. Таа била одушевена. „Направи го тоа!“, му рекла таа. „Тоа е вистинската одлука.“ И татко му се согласил. На неговите родители не им пречело што тој празнува друг ден. „Ние го сакаме и му служиме на истиот Бог“, му рекол таткото.

Водата била ладна кога Сијабонга влегол во базенот за крштевање во црквата на универзитетот Солуси. Но, тој заборавил на студот кога пасторот го нурнал во водата. Тој знаел дека Бог му простил и дека станал нова личност.

Крштевањето се случило само два месеца по неговото пристигнување на универзитетот.

Денес Сијабонга студира англиски јазик и комуникации. Се надева дека еден ден ќе работи во маркетинг или новинарство. Тој одушевено сака да се моли и да ја чита Библијата.

Сијабонга значи „ние сме благодарни“ на неговиот мајчин јазик сисвати, и тој е навистина благодарен. Тој е благодарен што неговата мајка го советувала да студира на универзитетот Солуси.

„Честото одење во црква постепено ме промени. Ме доближи до

Бога. Солуси е навистина добро место на коешто можеме да се доближиме до Бога.“

Дел од даровите на 13-тата сабота за 2015 година беше искористен за проширување на трпезаријата на универзитетот, обезбедувајќи им на студентите како Сијабонга уште подобри услови. Благословите од тие дарови продолжуваат да се чувствуваат на универзитетот, а вашиот придонес за Тринаесеттиот саботношколски дар ова тримесечје ќе се искористи за проекти кои, со Божји благослов, можат да имаат долготрајно влијание и во Зимбабве и во другите земји во оваа дивизија.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни

AMsda.org/A2536

## Во врска со искуството

- Покажете ги Есватини и Зимбабве на карта на светот. Потоа, посочете го градот Булавајо, во чија близина се наоѓа Адвентистичкиот универзитет Солуси.
- Гледајте го краткиот видео-клип со Сијабонга на YouTube: bit.ly/Siyabonga-SID
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Најважната извозна култура во Зимбабве е тутунот, додека други извозни производи вклучуваат памук, пченка и шеќерна трска.
- Националниот симбол на Зимбабве е златната птица наречена хунгве, која се појавува на знамето, како и на валутата. Резби од хунгве се пронајдени во пештери и урнатини во Велико Зимбабве. Тие веројатно претставуваат орел или африкански рибен орел.
- Фудбалот е најпопуларниот спорт во Зимбабве. Рагбито и крикетот се исто така популарни спортови, иако првично ги играло само белото население.
- Разводот се смета за срамен во Зимбабве. Законски, само жените имаат право да се разведат, но тоа е многу ретко.



Упапахуруа

# ДА СЕ СЛУША БОГ, А ДА СЕ МРАЗИ ГРЕВОТ

*Длабоко во намибиската пустина, еден народ живее како што луѓето од регионот живееле пред стотици години наназад. Химбите се полуномадски народ кој патува со своите стада говеда и кози од извор на вода до извор на вода, и од пасиште до пасиште во текот на долгите топли месеци од сувата сезона. За време на кратката дождовна сезона, семејствата се враќаат во своите населби од три или четири колиби за да одгледуваат пченка за себе и за својот добиток.*

Уапахуруа е меѓу ретките членови на народот Химба кои се крстени во Адвентистичката црква на седмиот ден. Тој за прв пат слушнал за Бога преку програмата започната благодарение на даровите на 13-тата сабота во 1993 година. Ова е неговата приказна.

Уапахуруа бил типичен тинејџер Химба. Крадел, се тепал и пиел. Овие три активности честопати се испреплетувале.

Народот Химба се издржува со одгледување кози, говеда и пченка, и ретко им требаат пари за нешто друго. Сепак, еднаш месечно, парите се влеваат во заедницата Химба кога постарите лица добиваат пензија од намибиската влада. Кога ќе пристигнат парите, тинејџерите одат кај своите постари членови на семејството за да молат за пари за да купат алкохол. Малите претприемачи знаат кога пристигнуваат парите за пензија и се собираат во близина на фармите и продаваат алкохол.

Кога луѓето почнуваат да пијат, тепачките стануваат неизбежни. Уапахуруа еднаш видел пијан тинејџер како турка друг тинејџер и вика: „Тргни ми се од патот. Сакам да поминам".

Тинејџерот кој бил турнат назад се спротивставил. Други тинејџери се придружиле и избувнала тепачка со ножеви.

Кога не се достапни пари за пензиите, некои тинејџери посегнуваат по кражба. Уапахуруа се сеќава дека наишол на неколку младичи кои ја дереле кожата на една крава во грмушка. Ги прашал: „Чија крава беше оваа?"

„Наше е", одговорил еден младич. „Кравата умре сама од себе", додал друг.

Уапахуруа подетално ја погледнал кравата. Семејствата Химба ги препознаваат своите крави по карактеристичните траги од нож на ушите. Оваа мртва крава имала свежи траги од нож на ушите.

НАМИБИЈА

AMsda.org/A2537

## Во врска со искуството

- Покажете ја Намибија на карта на светот. Потоа покажете го градот на север од државата Опуво, каде што се наоѓа најблиската зграда на адвентистичката црква.
- Погледнете го краткото видео со Уапахуруа и неговата сопруга на YouTube: bit.ly/Uapahurua-SID.
- Ве молиме имајте предвид дека во два наврати, во 1993 и 2012 г., дарот на 13-тата сабота беше искористен за ширење на евангелието меѓу народот Химба, кој брои околу 50.000. Дел од дарот во 2012 година беше искористен за дистрибуција на MP3 плеери што ја содржат Библијата. Две проекта на 13-тата саботата од ова тримесечје ја вклучуваат и Намибија: проект за дистрибуција на детски Библии за сиромашните деца, и проект за снимање на серија кратки видео-записи за плодовите на Духот.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови..., меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Адвентистичкото светско радио во Намибија води пет радиостаници низ целата земја, а секоја од нив емитува програма на различен јазик.

Судењето го организирале старешините на Химба народот и било утврдено дека тие младичи украле крава и планирале да го продадат месото за да купат алкохол. Им било наредено да му ги надоместат трошоците на сопственикот на кравата.

Крадењето, тепачките и пиењето биле дел од начинот на живот на Уапахуру кога еден ден во неговата колиба се појавил еден адвентистички пастор-мисионер. Пасторот им помагал на селаните од племето Химба како дел од иницијатива кој била делумно финансирана од 13-тата сабота во 1993 година.

Пасторот им зборувал за Бога. Уапахуруа никогаш порано не слушнал за Бога и бил љубопитен да дознае повеќе.

Таа сабота тој отишол на богослужението што го држел пасторот под блиското дрво. Како и многу луѓе од племето Химба, тој никогаш не бил на училиште и не знаел да ја чита Библијата. Затоа го слушал пасторот како чита од Библијата. За прв пат слушнал за Бог кој го создал светот и сè во него, вклучувајќи ги пченката, козите, кравите и народот Химба.

Како што минувале седмиците, тој станувал сè повеќе и повеќе убеден дека не живее правилен начин на живот.

Пасторот не можел да држи состаноци под дрвото секоја сабота, па затоа Уапахуруа почнал да оди во адвентистичката црква во најблискиот град. Станувал рано во сабота наутро и одел седум часа пеш до градот. Кога слушнал за Библијата, почнал да го мрази крадењето, да ги мрази тепачките. Почнал да го мрази пиењето. Не можел да разбере што се случува. Не можел да укаже на конкретниот библиски пасус што го допрел неговото срце. Тој само знаел дека сака да го слуша Божјиот збор. Почнал да ги мрази грешните работи. Се покајал за своите гревови и се крстил.

Имал 23 години кога му го предал своето срце на Бога. Денес има 46 години.

Неговот пат не бил лесен. Имал многу искушенија да се врати на стариот начин на живот.

„Тешко е да се биде христијанин", изјавува тој. „Тешко е да не се краде, да не се тепа и да не се пие. Тоа е дел од нашиот секојдневен живот тука."

Даровите на 13-тата сабота од 1993 година финансирале мисионерска програма за народот Химба, што резултирало со доаѓање на пастор во домот на Уапахуруа. Благословите од тие дарови сѐ уште се чувствуваат во неговото семејство и во заедницата.

Вашите дарови за проектите на 13-тата сабота ова тримесечје може, со Божји благослов, да има долготрајно влијание врз Намибија и пошироко.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни





НАМИБИЈА | 23 август

Казувакуа

# ЖЕЛБА ДА СЕ ЗАПОЗНАЕ БОГ

*Длабоко во намибиската пустина, еден народ живее како што луѓето од регионот живееле стотици години. Химбите се полуномадски народ кој патува со своите стада говеда и кози од извор на вода до извор на вода и од пасиште до пасиште во текот на долгите, топли месеци од сушната сезона. За време на кратката дождовна сезона, семејствата се враќаат во своите населби од три или четири колиби за да одгледуваат пченка за себе и за својот добиток.*

Казувакуа е 24-годишна мајка на три мали деца. Таа го запознала Бога преку евангелската иницијатива благодарение на даровите на 13-тата сабота во 1993 година. Ова е нејзината приказна.

Казувакуа била заинтригирана кога еден странец се појавил во нејзината куќа длабоко во намибиската пустина. Таа никогаш порано не го видела, а тој ја повикал да оди некаде каде што никогаш порано не била. Ја поканил во црква. Казувакуа со задоволство ја прифатила поканата.

Во сабота, таа отишла на богослужение под едно дрво кое било на околу 15 минути пешачење од нејзиниот имот. Жени и деца доаѓале од различни насоки кај дрвото. Околу 15 имоти биле приближно на еднакво растојание од дрвото.

Искуството во црквата било невообичаено за Казувакуа. Пасторот пеел песни, а потоа проповедал. Песните биле нови и тешки за Казувакуа да ги научи. Таа никогаш не слушнала за Бога за кого пееле. Но, песните ѝ се допаднале. Ѝ се допаднала пораката на песните. Песните зборувале за Бога кој се грижи за сите човечки потреби.

Проповедта била за покајанието. Кога пасторот завршил, Казувакуа сфатила дека треба да се покае за да биде спасена.

Таа се враќала кај дрвото секоја сабота на богослужение. По извесно време пасторот бил преместен во друг дел од Намибија. По него, еден библиски работник почнал да доаѓа двапати месечно за да зборува под дрвото. Казувакуа одела секој пат кога тој зборувал. Кога библискиот работник водел една молитвена седмица и духовен раст, таа одела кај дрвото секој ден за да слуша. Таа била таму и секоја вечер кога тој ги водел двонеделните евангелски состаноци.

Библискиот работник донел проектор и генератор и ги поставил во шатор на кратко растојание од дрвото. Додека зборувал за вечниот живот со Бога, Казувакуа уживала гледајќи ги шарените слики на екранот.

Сепак, Казувакуа го пропуштила крштевањето на тројца луѓе кои му го предале своето срце на Бога на крајот од состаноците. Библискиот работник организирал пикап-возило за да ги превезе тројцата крстени и нивните пријатели до најблискиот град каде што има зграда на адвентистичката црква. Без возилото, ќе требало да пешачат седум часа во еден правец. Но, Казувакуа не отишла затоа што морала да се грижи за кравите на своето семејство на полињата. Тоа била нејзина должност. Ако ги остави кравите, ќе му донесе срам на своето семејство.

Но, Казувакуа сака еден ден да се крсти. Се чувствува подготвена. Го сака Бога со сето свое срце.

„Го сакам Бога како мој Спасител и Оној кој се грижи за нас“,

изјавува таа. „Тој може да обезбеди сè што ќе побарам од Него.“

Таа се моли кога оди на спиење. Се моли и кога ќе се разбуди. Нејзините молитви се кратки. Таа едноставно вели: „Боже, помогни ми“.

Повеќе од сè, таа сака подобро да го запознае Бога. За разлика од многу припадници на народот Химба, таа научила да чита. Сепак, нема Библија. Недостасуваат Библии на нејзиниот јазик.

„Сакам Библија“, вели таа. „Сакам подобро да го запознаам Бога.“

Молете се за работата на црквата со народот Химба во Намибија. Дел од даровите на 13-тата сабота во 1993 година започна мисионска програма за народот Химба што резултираше со одржување на саботни богослуженија во близина на имотот на Казувакуа.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушен дар на 27 септември за проектите на 13-тата сабота кои ќе помогнат во понатамошното ширење на евангелието во Намибија и во другите земји од оваа дивизија.

Ендру Мекчесни

AMsda.org/A2538

## Во врска со искуството

- Покажете ја Намибија на картата на светот. Потоа покажете го градот Опуво во северниот дел од државата, каде што се наоѓа најблиската зграда на адвентистичката црква.
- Погледнете ја кратката видео-снимка на YouTube со Казувакуа: bit.ly/Kazuvaku-SID.
- Знајте дека Казувакуа чита и пишува на јазикот Отџихереро. Од финансиски и други причини, нема многу Библии на тој јазик.
- Ве молиме имајте предвид дека во два во 1993 и во 2012 година беа искористени за ширење на евангелието меѓу народот Химба, кој брои околу 50.000. Дел од дарот во 2012 година беше искористен за дистрибуција на MP3 плеери што ја содржат Библијата. Два проекта на 13-тата сабота од ова тримесечје ја вклучуваат и Намибија: проект за дистрибуција на детски Библии на сиромашни деца и проект за снимање на серија кратки видео-записи за плодовите на Духот.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2 се однесува на тоа „да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт.

## Кратки факти

- Името Намибија доаѓа од пустината Намиб, најстарата пустина во светот. Намиб значи „огромно место“.





Тиапана

# ИСКЛУЧИТЕЛНИ ВРНЕЖИ ОД ДОЖД

*Длабоко во пустината Намибија, живее еден народ како што луѓето од регионот живееле пред стотици години наназад. Химбите се полуномадски народ, кој патува со своите стада говеда и кози од извор на вода до извор на вода и од пасиште до пасиште во текот на долгите, топли месеци од сушната сезона. За време на кратката дождовна сезона, семејствата се враќаат во своите населби од три или четири колиби за да одгледуваат пченка за себе и за својот добиток.*

Тиапана е поглавар на селото Окупаве. Селото има 15 семејства кои живеат во 15 домаќинства кога не патуваат со своите животни во северна Намибија. Тој го запознал Бога преку евангелската иницијатива благодарение на даровите на 13-тата сабота во 1993 година. Ова е неговата приказна.

Тиапана не е сигурен колку години има. Претпоставува дека има 82 години. Првпат слушнал за Бога од своите родители. Неговите родители дознале за Бога од првиот мисионер-адвентист во оваа област, еден бел човек од Португалија, кој дошол три децении претходно како дел од мисионска иницијатива за ширење на евангелието, финансирана од даровите на 13-тата сабота во 1993 година.

„Моите родители ми рекоа дека треба да му оддаваме слава и чест на Бога“, изјавува тој. „И решив да ги послушам моите родители.“

Значи, кога станал селски поглавар, се обратил до Адвентистичката црква и побарал некој да го поучи него и неговиот народ за Бога. Библискиот работник доаѓал во сабота и им ја читал Библијата на луѓето што се собирале под дрвото. Тиапана слушал. Како и многу луѓе од племето Химба, тој никогаш не одел на училиште и не знаел да чита.

Потоа, библискиот работник организирал евангелски состаноци во текот на две седмици. Донел проектор и генератор и проектирал слики на екран во шатор поставен близу до дрвото.

Тиапана одел на состаноците. Бил заинтересиран да дознае повеќе за Бога. Но, бил и загрижен. Областа каде што живеел доживувала невообичаено суво лето. Не врнело дожд со месеци.

Библискиот работник ја видел загриженоста на Тиапана и се помолил за дожд. Се помолил Господ да ги отвори своите небеса, да излее дожд на земјата во свое време и да ги благослови сите дела на рацете на народот Химба. Се молел цела седмица.

На почетокот на втората седмица од состаноците, почнало да врне. Било два месеца пред дождовната сезона. Дождовите ја наводнувале исушената земја во текот на денот, запирајќи токму на време за вечерниот евангелски состанок. Дождот траел четири месеци. Тоа било време на голема радост за народот Химба.

„Знаевме дека Бог е со нас“, кажува Тиапана. „Тој се грижи.“ Селскиот поглавар ја видел Божјата сила и на други начини. По состаноците, забележал промена во селото. Луѓето престанале да крадат, да се караат и да пијат. Тој бил задоволен.

Најмногу од сè, Тиапана сака на неговото земјиште да се изгради зграда на Адвентистичката црква на седмиот ден. Најблиската црковна зграда е во градот, на седум часа пешачење. Тиапана, како и многу луѓе од племето Химба, не поседува автомобил. Тој веќе го понудил земјиштето на Адвентистичката црква за изградба на црковна зграда.

„Она што го сакам е да изградиме црква. Сакам место за богослужение и славење на Бога. Тоа е сè што барам.“

Во меѓувреме, од 30 до 60 деца и возрасни Химба се собираат под едно дрво во сабота за да пеат песни во слава на Бога и да го слушаат библискиот работник како ги поучува за библиските вистини.

AMsda.org/A2539

## Во врска со искуството

- Покажете ја Намибија на картата. Посочете го северниот град Опуво, каде што се наоѓа најблиската адвентистичка црква до селото Тиапана.
- Погледнете го краткиот видео-клип за Тиапана на YouTube: bit.ly/Tjiyapana-SID.
- Ве молиме имајте предвид дека во два наврата, во 1993 и 2012 г., дарот на 13-та-та сабота беше искористен за ширење на евангелието меѓу народот Химба, кој брои околу 50.000. Дел од даровите за 2012 г. беше употребен за дистрибуција на MP3 плеери што ја содржат Библијата. Двата дара на 13-тата саботата ова тримесечје ја вклучуваат и Намибија: проект за дистрибуција на детски Библии на сиромашни деца и проект за снимање на серија кратки видео-записи за плодовите на Духот.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2 се однесува на тоа „да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт.

## Кратки факти

- Намибија е првата земја во Африка што ја интегрирала заштитата на животната средина во својот устав.
- Намибија има 200 видови цицачи, меѓу кои се и загрозените видови како што се гепардот и црниот носорог, 645 видови птици и 115 видови риби.

Во текот на седмицата библискиот работник оди од колиба до колиба за да ја проучува Библијата со селаните. Тиапана наведува дека тој и неговите селани сакаат подобро да го запознаат Бога.

„Ние сме создадени според Божјиот лик, Тој е Оној кого го сакаме. Ние копнееме по Него.“

Молете се народот Химба да го запознае Бога во Намибија. Дел од даровите на 13-тата сабота во 1993 година започна мисионска програма меѓу овој народ, чијшто резултат се богослуженијата во селото на Тиапана.

Ви благодариме што планирате да принесете великодушни средства на 27 септември за проектите на 13-тата сабота што ќе помогнат во понатамошното ширење на евангелието во Намибија и во другите земји од оваа дивизија.

Ендру Мекчесни



НАМИБИЈА | 6 септември

Бетел

# ПИЈАНСТВО, КРАЖБА И БОГ

Бетел се запишал на Универзитетот Русангу во Замбија затоа што сакал да престане да пие. Се надевал дека студирањето на адвентистички универзитет ќе му го промени животот.

Бетел пораснал во адвентистичко семејство, но почнал да пие кога починала неговата мајка. Имал 15 години и многу му недостигала. Неговите пријатели му рекле дека пиењето ќе му ја ублажи тагата. Набрзо ја стекнал оваа лоша навика и пиел секој ден во текот на две години. Некако успеал да заврши средно училиште.

Потоа видел телевизиска репортажа за Универзитетот Русанг. Видел дека тоа е место без алкохол и се надевал дека неговиот живот ќе се подобри ако студира таму.

Но и кога дошол на факултетот, Бетел едноставно не можел да се ослободи од својот стар живот.

Тој нашол место на универзитетската фарма каде што можел тајно да пие.

Стекнал нови пријатели кои исто така пиеле. Понекогаш доаѓал пијан во црква. Ситуацијата изгледала безнадежна.

Потоа, една вечер, тој и тројца негови пријатели имале потреба од пари за да купат алкохол. Тие провалиле во неколку машки студентски соби на универзитетот и

украле душеци. Но, биле фатени.

Во затвор, Бетел имал многу време да размислува за својот живот. Знаел дека е виновен за кражба и немал надеж дека скоро ќе биде на слобода.

Со солзи во очите, тој го понизил своето срце пред Бога и се покајал.

„Драги Боже“, се молел тој. „Ако ова е лекција од Тебе да го променам мојот живот, ветувам дека со Твоја помош ќе станам подобар човек. Те молам, избави ме од ова место.“

Петнаесет дена подоцна, полицијата неочекувано ги ослободила Бетел и неговите тројца пријатели. Бетел не знаел зошто.

Универзитетот Русангу ги пречекал назад студентите со топло добредојде. Бетел исто така не можел да разбере зошто. Универзитетот обично ги исклучувал студентите кои би извршиле некое лошо дело. Бетел се прашувал дали Бог ги слушнал неговите молитви и му дал уште една шанса.

Се сетил на своето ветување што му го дал на Бога во затворот и се помолил за промена во својот живот. Престанал да пие. Ја проучувал Библијата, и еден месец откако бил ослободен од затвор, му го предал своето срце на Бога со крштевање.

Професорите и другите студенти ја виделе извонредната промена во неговиот живот. Биле воодушевени. Кога уни-

AMsda.org/A25310

## Во врска со искуството

- Покажете ја Замбија на карта на светот. Потоа, пронајдете го градот Монзе, каде што се наоѓа универзитетот Русангу.
- Гледајте го краткиот видео-клип за Бетел: bit.ly/Bethel-SID.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Во 1903 г., В. Х. Андерсон, Џејкоб Деча и неколку африкански работници тргнале кон северна Родезија (денешна Замбија) за да најдат нова локација за мисионерска станица. Патувале со воз, а потоа пеш отишле до Викториините водопади.
- Замбија има 4 адвентистички средни школи и универзитетот Русангу. Исто така, во Замбија има две адвентистички болници и две клиники.

## Кратки факти

- Традиционалното име за Викториините водопади е Моси-оа-Тунија, што значи „Овде чади и грми“. Се вели дека бучавата од водопадите може да се чуе и до 40 км оддалеченост.
- Една третина од Замбија е составена од национални паркови.

верзитетските водачи одржале свеченот за доделување награди за најдобрите студенти, му доделиле почесна награда за најголема промена во однесувањето.

Бетел зрачел од радост кога ја примал наградата.

Денес, тој е водач на студентите и член на црковниот тим за медиуми на универзитетот.

Му остануваат уште само неколку месеци до дипломирањето по новинарство, комуникации и мирно решавање на конфликти.

Тој размислува да се врати на факултет по дипломирањето. Сака да студира теологија и да стане пастор.

Бетел изјавува дека Бог му го променил животот и може да го промени животот на секој што ќе го замоли да го стори тоа. „Бог го промени мојот живот – од алкохоличар и многу проблематично момче во успешен студент на Универзитетот Русангу.“

Бетел е меѓу многуте студенти на Универзитетот Русангу кои се благословени од даровите на 13-тата сабота. Средствата собрани од 13-тата сабота во второто тримесечје во 2009 година помогнаа да се отвори универзитетската библиотека.

Исто како и тогаш, дејствувањето на Божјите благослови сè уште се чувствува во Замбија и пошироко. Даровите на 13-тата сабота можат, со Божји благослов, да имаат долготрајно влијание и денес.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни



ЗАМБИЈА | 13 септември

Мвате Мвамбази

# БОЛНИЦА ПОЛНА СО ЧУДА

***Забелешка на уредникот:** Еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје е изградбата на кујна и перална за Адвентистичката болница Читанда Лумамба во Чибомбо, Замбија.*

Мвате Мвамбази, педијатар и водач во Адвентистичката црква на седмиот ден, ја смета Адвентистичката болница Читанда Лумамба за чудо. Таа вели дека само по Божја милост таа болница е адвентистичка.

Читанда Лумамба е името на племенски поглавар кој донирал 10 хектари селско земјиште за изградба на болница во северна Замбија. Тој го дал земјиштето на непрофитна христијанска организација која користела лични и корпоративни донации за изградба на инфраструктурни проекти.

Првичниот план предвидувал болницата да биде управувана од замбиската влада. Но, потоа еден племенски поглавар и една непрофитна организација се обратиле до Адвентистичката црква со предлог. Тие прашале: „Можете ли да ја преземете оваа болница и да ја користите како што ја користите болницата Мвами за да допрете до луѓето, давајќи им насоки за физичко и духовно здравје?“

Адвентистичката болница Мвами се наоѓа во јужна Замбија.

Болницата и земјиштето понудени на Адвентистичката црква ги имале следниве услови: болницата мора да работи како непрофитна организација, мора да започне со работа најдоцна една година од датумот на трансакцијата и мора да работи за да ги задоволи потребите на руралната заедница.

„Овој подарок ѝ бил даден на црквата под тие услови“, вели Мвате. „Ни беше подарена целокупната структура.“ Подрачјето околу адвентистичката болница е населено со сезонски земјоделци кои садат пченка во дождовната сезона, но обично само доволно за сопствена употреба. Тие немаат многу дополнителни приходи.

Пред свеченото отворање, Адвентистичката црква ја приклучила болницата на водоводната мрежа и донеле електрична енергија. Претседателот на Замбија, кој е адвентист, исто така, придонел со свои средства за реновирањето, кажува Мвате, директорката на Здравственото одделение при Унијата на адвентистичката црква за Северна Замбија.

„Со Божја милост, претседателот на државата беше мошне заинтересиран, па дури и лично помогна околу реновирањето. На свеченото отворање во октомври 2023 година, претседателот Хакаине Хичилема вети дека владата ќе финансира и резервен генератор и дополнителна опрема за болницата.

Прекините на електричната енергија се честа појава во Замбија поради недостаток на вода за производство на електрична енергија во земјата погодена од суша. Генераторот пристигнал пет месеци подоцна, а болничката опрема била во процес на набавка кога Мвате разговарала со претставници од списанието ‚Адвентистичка мисија‘.

„Болницата веќе се смета за светилник на надеж во заедницата“, вели Мвате. „Нашето присуство и способност да обезбедиме напредна медицинска нега води кон ублажување на страдањата на луѓето таму.“

Пред отворањето на болницата, најблиската болница била оддалечена 90 километри. Само ед-

но амбулантно возило било достапно за да ги однесе луѓето до таа далечна болница, по груби земјени патишта.

Луѓе умирале обидувајќи се да стигнат до таа болница.

„Приоритети на болницата сега се кујната и пералната", вели Мвате.

Потребна е кујна за подготовка на храната, не само за пациентите, туку и за нивните роднини.

„Во Африка, ако едно лице е болно, целата заедница се здружува за да го поддржи. Ако одите во болница, најмалку пет лица ќе ве придружуваат. Им треба место за јадење."

Перална со машини за перење и сушење алишта се смета за клучна за подобрување на грижата за пациентите. „Сега мора да переме алишта под едно дрво", изјавува Мвате.

Вашите дарови на 13-тата сабота ќе помогнат околу изградбата на неопходните објекти, кујна и перална, во Адвентистичката болница Читанда Лумамба..

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни

AMsda.org/A25311

## Во врска со искуството

- Покажете ја Замбија на картата на светот. Потоа покажете го градот Чибомбо, каде што се наоѓа болницата, 100 км северно од главниот град, Лусака.
- Погледнете го краткиот видео-клип со Мвате на YouTube: bit.ly/Mwate-SID.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Адвентистичката црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст . Целта број 4: „Зајакнување на адвентистичките институции кои ја поддржуваат слободата, целисходноста и надежта преку Исуса и го обновуваат Божјиот лик кај луѓето." Целта број 5 зборува за поучување, и на поединците и на семејствата, со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членови на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат материјалите на саботната школа и списите на Елена Вајт." Дојзнајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Националниот парк Јужен Луангва ги штити животните на „големата петорка" што луѓето сакаат да ги видат на сафари: лав, леопард, носорог, слон и африкански бизон.
- Замбија е опкружена со седум земји: Ангола, Демократска Република Конго, Малави, Мозамбик, Намибија, Танзанија и Зимбабве.
- Замбези е четвртата најдолга река во Африка по Нил, Конго и Нигер.






Адвентистичката болница Читанда Лумамба

# БОЛНИЦА КОЈА ГИ МЕНУВА ЖИВОТИТЕ

***Забелешка на уредникот:*** *Еден од проектите на даровите на 13-тата сабота ова тримесечје е изградбата на кујна и перална за Адвентистичката болница Читанда Лумамба во Чибомбо, Замбија. Болницата била донирана на Адвентистичката црква на седмиот ден и нејзиното отворање било закажано за есен 2023 година.*

Адвентистичката болница Читанда Лумамба се наоѓа во рурална заедница во Замбија каде што луѓето живеат во сламени куќи и користат бунари за вода своите потреби и добиток. Таму повеќето жители се сезонски работници кои садат пченка во дождовната сезона – но доволно само за сопствена употреба. Тие немаат многу дополнителни приходи. Стапките на алкохолизам и тинејџерска бременост се високи.

Јавниот превоз првенствено се состои од мали и големи камиони кои превезуваат патници во нивниот товарен дел. Автобусите или такси-возилата се ретки. Луѓето честопати одат само пеш.

Пред отворањето на адвентистичката болница, заедницата имала само една мала клиника која обезбедувала најосновна медицинска нега. Во идеални ситуации, клиниката би имала едно амбулантно возило за превоз на пациенти. Но, во оваа област, тоа едно амбулантно возило го делеле неколку мали рурални клиники. Не можело да се повика амбулантно возило до ничиј дом. Пациентот морал да најде начин да стигне до клиниката. Потоа, клиниката повикувала амбулантно возило за да го однесе пациентот до најблиската болница, која била оддалечена 90 километри. Но, прво, клиниката морала да се јавува наоколу за да најде амбулантно возило. Ако амбулантното возило веќе било резервирано, пациентот морал да чека шест часа, дванаесет часа па дури и еден ден за да стигне до болницата. Како резултат на тоа, некои пациенти пешачеле 90 километри до болницата.

Дури и сега кога Адвентистичката болница е отворена, пациентите не мора нужно да доаѓаат со амбулантно возило. Болницата дели едно амбулантно возило со сите окружни клиники.

Еднаш, бремена жена во породилна состојба била донесена со волови во адвентистичка болница, придружувана од половина дузина членови на семејството. Во Замбија, пациентите обично се придружувани од бројни роднини. Бремената жена била задоволна

кога дознала дека адвентистичката болница е отворена и дека има достапен лекар. Инаку, ќе морала да чека да биде испратена во далечна болница. Медицинскиот тим на адвентистите успешно ја породил жената, иако породувањето барало комплицирана процедура. Бебето се родило живо и здраво. По неколку дена, мајката и нејзиното бебе можеле да се вратат во својот дом.

Оваа мајка и нејзиното семејство биле многу благодарни што тука е отворена адвентистичката болница.

„Ова ни заштеди многу време и пари“, кажа член на семејството. „Кога одите во клиника, мора да седите и да чекате некој да повика возило на брза помош.“

Секој месец, околу 200 бебиња се раѓаат во малото породилно одделение во рамките на болницата.

Во друга прилика, 5-годишно момче било хоспитализирано со скршена нога. Ногата му била ставена во гипс. Неговата мајка изразила благодарност што нејзиниот син успеал да остане во болница.

„Услугите што болницата сега ги нуди се многу подобри“, вели таа. „Порано, имавме само мала клиника каде што мораше да чекаме долго време за да добиеме третман. Клиниката веднаш нè праќа-

AMsda.org/A25312

## Во врска со искуството

- Покажете ја Замбија на картата на светот. Потоа покажете го градот Чибомбо, каде што се наоѓа болницата, 100 км северно од главниот град, Лусака.
- Погледнете го краткиот видео-клип со Мвате на YouTube: bit.ly/Mwate-SID.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Адвентистичката црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст . Целта број 4: „Зајакнување на адвентистичките институции кои ја поддржуваат слободата, целисходноста и надежта преку Исуса и го обновуваат Божјиот лик кај луѓето.“ Целта број 5 зборува за поучување, и на поединците и на семејствата, со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членови на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат материјалите на саботната школа и списите на Елена Вајт.“ Дојзнајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Пред европските доселеници да пристигнат во Африка, во областа живееле Коисанците (Бушманите). Британците ја колонизирале оваа област сè до 1964 година, кога Замбија стекнала независност.
- Националниот ден на Замбија е Денот на независноста, кој се слави на 24 октомври.
- Иако англискиот е официјален јазик во Замбија, се зборува на повеќе од 70 јазици. Бемба и њања се најчесто зборуваните јазици.
- Локалната валута е замбиската квача, што значи „зора“.
- Иако стапките на образование се подобрија во Замбија, 10% од децата не завршуваат основно училиште.

ше дома со ногата во гипс. Потоа мораше да се враќаме следниот ден и секој ден потоа на контролни прегледи. Но, во оваа болница, мојот син можеше да остане на лекување додека не му заздрави скршената нога и можеше да си оди дома.“

Адвентистичката болница Читанда Лумамба задоволува важна потреба во заедницата и се надева дека ќе направи многу повеќе. Нејзини приоритети сега се изградба на кујна и перална. Потребна е соодветна кујна со голема трпезарија за подготовка на здрави оброци, не само за пациентите, туку и за роднините кои ги придружуваат во болницата. Перењето алишта моментално се врши рачно, но купувањето машини за перење и сушење алишта ќе ја подобри грижата за пациентите.

Мвате Мвамбази е педијатар и директор на Адвентистичките здравствени служби во Унијата на Северна Замбија, каде што се наоѓа болницата. „Отворени сме, но итно ни е потребна помош.“

Вашите дарови на 13-тата сабота ќе помогнат во изградбата на крајно потребната кујна и перална во Адвентистичката болница Читанда Лумамба.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 27 септември.

Ендру Мекчесни






ЗАМБИЈА | 27 септември

Програма на 13-тата сабота / Емануел

# БЛАГОСЛОВ ОД ТРАГЕДИЈА

***Забелешка на уредникот :*** *Еден од проектите на 13-тата сабота ова тримесечје е купување мисионски брод за пловење по езерото Бангвеулу во Замбија. Овој проект произлегол од една трагедија.*

Емануел Мвева многу пати пловел по езерото Бангвеулу. Чамците се главно превозно средство за 100.000 луѓе кои живеат на островите на езерото. Исто така, чамците се главно превозно средство за тие 100.000 луѓе да патуваат до остатокот од Замбија. Како адвентистички пастор, Емануел многу пати пловел по езерото за да ги охрабри 1300-те адвентисти кои му служат на Бога секоја сабота во 18 цркви на тамошните острови.

Сепак, една посета се издвојува во сеќавањето на Емануел. Тоа бил денот кога тој посетил еден од островите за да присуствува на погребот на 14 адвентисти кои се удавиле во езерото.

„Беше многу потресно бидејќи имаше 14 ковчези на едно место. Претставници на владата и црквата се собраа на главниот остров Чилуби. Јас бев таму. Ова беше голема катастрофа за државата."

Трагедијата се случила во петок. Четириесет и двајца адвентисти пловеле во изнајмен брод меѓу два острова. Тие планирале да ја поминат саботата ангажирани во мисионерска работа и промовирање на камп на извидници. На огромното езеро, кое е со големина на американската држава Конектикат, дувал силен ветер. Одеднаш, голем бран го удрил бродчето и тоа се превртело. Блискиот брод успеал да извлече 28 лица од водата. Но, 14 од нив, вклучувајќи и едно 2-годишно дете, се удавиле.

Несреќата предизвикала возбуда во Замбија. Покренала прашања за безбедносните стандарди на чамците и бродовите кои се достапни за комерцијален транспорт на езерото. Во единствената редовна фериботска линија се користел голем брод, во сопственост на државата, кој преминувал преку езерото еднаш седмично. Луѓето кои сакале да го преминат езерото во други денови, морале да изнајмат чамец или помал брод.

На погребот, еден висок владин службеник апелирал до Адвентистичката црква да помогне да се спречи повторување на оваа катастрофа. Тој ја замолил црквата да размисли за обезбедување редовен превоз, брод што би ја дополнил услугата што ја обезбедува државниот брод.

Адвентистичките водачи во Северната Замбиска Унија, каде што се наоѓа езерото, го прифатиле предизвикот. „Северната Замбиска Унија требе да осмисли и да обезбеди подобар транспортен систем", вели Емануел, кој е извршен секретар на унијата.

Но, бродот чини 100.000 долари, повеќе отколку што локалната црква може да си дозволи. Затоа, Унијата побарала бродот да биде вклучен во проектите на 13-тата сабота за третото тримесечје од 2025 година.

Ова барање за покривање на дел од трошоците за купување на бродот е одобрен на сите нивоа на црквата.

Емануел е возбуден поради можностите што може да ги понуди овој мисионерски брод.

Бродот, кој може да превезува 60 патници, би сообраќал редовна линија во деновите кога државниот брод не работи. Патниците би плаќале минимални такси, кои би ги покривале само трошоците за одржување на бродот.

Додека владиниот брод има телевизиски екрани на кои се прикажуваат реклами, мисионерскиот брод ќе има екрани на кои ќе се прикажуваат песни и проповеди од телевизискиот канал"Надеж" („Hope channel)".

„Бродот не само што ќе служи како превоз за луѓето од копното до островот, туку и ќе им проповеда", изјавува Емануел.

Тој апелира до членовите на црквата во целиот свет да го поддржат дарот на 13-тата сабота во ова тримесечје.

„Додека размислуваме како да го шириме евангелието на луѓето што живеат на островите на езерото Бангвеулу, наша желба е овој брод да помогне во спасувањето животи на езерото, но и да спаси животи за вечното царство. Целта на проектот е да ја претвори трагедијата во благослов."

Вашите дарови на 13-тата сабота денес ќе бидат употребени за купување мисионски брод за езерото Бангвеулу. Вашите средства ќе бидат вложени и во две болници во Замбија, отворање ново училиште и изградба на центар на влијание во Јужноафриканската Република. Ова тримесечје, два детски проекта ќе го допрат животот на децата низ целата оваа дивизија. Едниот проект обезбедува детски Библии за семејствата кои не можат да си ги дозволат, а другиот е снимање на серија кратки видеа за плодовите на Духот.

Ви благодариме за вашите великодушни дарови денес.

*(Приложување на дарот во придружба на инструментална музика)*

Ендру Мекчесни

AMsda.org/A25213

## Во врска со искуството

- Покажете ја Замбија на карта на светот. Потоа, покажете го езерото Бангвеулу на северот од земјата.
- Знајте дека името на езерото значи „Каде што водата се среќава со небото".
- Гледајте го краткиот видео-клип за Емануел на YouTube: bit.ly/Emmanuel-SID.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и кратки факти од Јужноафриканско-индискоокеанската дивизија: bit.ly/sid-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Кратки факти

- Викторините водопади се најголемите во светот и се едно од седумте природни чуда на светот.
- Еден од најретките видови птици во светот, штркот-чевел, може да се најде во Замбија. Може да порасне до 1,5 метар во должина и е познато дека се храни со бебиња-крокодили.

## Мисионско катче

- Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исуса Христа. Вашата поддршка на мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.
- Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете дополнителни материјали за мисијата.

## Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови се наменети за ширење на Божјата Реч низ целиот свет и дека 1/4 од даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени за проекти во Јужноафриканската-индискоокеанска дивизија.
- Пред или по искуството, користете мапа за да ги прикажете земјите од Јужната азископацифичка дивизија кои ќе примат дел од даровите на 13-тата сабота. Мапата на мисијата со проекти можете да ја преземете на Facebook на: bit.li/fb-mk.
- Нараторот не мора да го знае текстот напамет, но би требало да биде доволно запознаен со материјалот, за да не мора да чита сè од списанието.

*Луѓе купуваат риба од рибари на езерото Банѓвеулу во северна Замбија.*



Wikimedia Commons, Moses Zaso

## Идни проекти на 13-тата сабота

Следното тримесечје ќе имаме 3 проекти на 13-тата сабота во Јужноамериканската дивизија.

- Изградба на црква на кампусот на Адвентистичката академија во Саира во Бразил.
- Изградба на сместувања и центар за обука на мисии на кампусот на Адвентистичкиот универзитет во Чиле.
- Детски проект: Изградба на 100 училници за детските саботни школи во црквите во Чиле.

# Извори за водачите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео *Mission Spotlight*, кое содржи извештаи од Јужноафриканската-индискоокеанска дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

## Веб-страници

| | | |
|---|---|---|
| **Намибија:** | government website | gov.na |
| | Visit Namibia | visitnamibia.com.na |
| | Rough Guides | bit.ly/RG_Namibia |
| **Замбија:** | government website | zamportal.gov.zm |
| | World Travel Guide | bit.ly/WTG_Zambia |
| | Zambia Tourism | zambiatourism.com |
| **Зимбабве:** | government website | bit.ly/ZimbabweGovt |
| | Zimbabwe Tourism | zimbabwetourism.net |
| | Lonely Planet | lonelyplanet.com/zimbabwe |

## Адвентисти на седмиот ден

| | |
|---|---|
| Southern Africa-Indian Ocean Division | sidadventist.org |
| Northern Zambia Union Conference | nzu.adventist.org |
| Southern Zambia Union Conference | szu.adventist.org |
| Zimbabwe East Union Conference | zeuc.adventist.org |
| Zimbabwe West Union Conference | zwuc.adventist.org |
| Zimbabwe Central Union Conference | zcuc.adventist.org |
| Southern Africa Union Conference | sau.adventist.org |
| Solusi University | solusi.ac.zw |
| Rusangu University | ru.edu.zm |
| Malawi Adventist University | mau.ac.mw |

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Исто така, потсетете ги верниците дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА
за возрасни и млади

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

3/2025

Вести од светот

Излегува тримесечно

Издава:
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

Превод и техничка подготовка:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

Адреса:
ул.„Влае“ бр. 42

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА




## ЈУЖНОАФРИКАНСКО-ИНДИСКООКЕАНСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Боцвана | 167 | 92 | 49,008 | 2,675,000 |
| Индискоокеанска | 1,346 | 1,272 | 215,096 | 33,839,000 |
| Малави | 1,688 | 2,102 | 684,470 | 19,810,000 |
| Мозамбик | 1,060 | 1,638 | 382,944 | 33,897,000 |
| Североисточна Ангола | 745 | 887 | 331,508 | 17,146,412 |
| Северна Замбија | 2,328 | 1,965 | 798,893 | 11,397,971 |
| Јужна Африка | 1,061 | 418 | 334,260 | 19,537,588 |
| Јужна Замбија | 1,410 | 2,258 | 185,486 | 66,874,000 |
| Југозападна Ангола | 1,664 | 1,631 | 626,485 | 8,754,029 |
| Централно Зимбабве | 1,140 | 288 | 117,706 | 5,630,712 |
| Источно Зимбабве | 1,063 | 1,014 | 238,764 | 5,931,972 |
| Западно Зимбабве | 474 | 744 | 124,082 | 5,102,316 |
| Мисијата Сао Томе и Принсипе | 27 | 79 | 8,062 | 232,000 |
| **ВКУПНО** | **14,173** | **14,388** | **4,096,764** | **230,828,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Детски проекти: Анимирани приказни засновани на плодовите на Духот, дистрибуција на детски Библии во Јужноафриканската-индискоокеанската дивизија.
2. Изградба на сместувачки објекти за персоналот на адвентистичката болница Јука во Калабу, Замбија.
3. Изградба на средно училиште во Замбија.
4. Набавка на мисионерски брод за езерото Бангвеулу во Замбија.
5. Изградба на кујна и перална за болницата Читанда Лумамба, во Чимбобо, Замбија.
6. Изградба на здравствен центар и центар за здрав живот во Умланга, Јужноафриканска Република.